# ИЛИНДЕН

ВЕСНИК НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО „ИЛИНДЕН“ - ТИРАНА




Јас го разбирам светот единствено како поле за културен натпревар меѓу народите - ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ


ГОДИНА X БРОЈ 47 ТИРАНА - АЛБАНИЈА www.vesnik-ilinden.com ISSN 2522-4514 ЈУЛИ/СЕПТЕМВРИ 2021 Година


Во овој број


Страница 2

НИКОЛА ЃУРЃАЈ, ИЗБРАН ЗА ЧЛЕН НА АЛБАНСКИОТ НАЦИОНАЛЕН СОВЕТ ЗА ГРАЃАНСКО ОПШТЕСТВО

ШЕСТГОДИШНО ЧЛЕНСТВО НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА ВО ФЕДЕРАЛНАТА УНИЈА НА ЕВРОПСКИТЕ НАЦИОНАЛНОСТИ (ФУЕН)

Страница 3

МАКЕДОНСКО ДРУШТВО „ИЛИНДЕН”-ТИРАНА НАЈОСТРО ГО ОСУДУВА НАВРЕДЛИВОТО ОДНЕСУВАЊЕ НА БУГАРСКИОТ ЕВРОПРАТЕНИК АНГЕЛ ЏАМБАСКИ КОН МАКЕДОНИЈА И МАКЕДОНЦИТЕ

МАКЕДОНСКОТО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН“-ТИРАНА СО ОСТРА РЕАКЦИЈА ЗА ЕМИСИЈА ВО КОЈА МАКЕДОНЦИТЕ ВО ГОРНО КРЧИШТЕ СЕ ПРИКАЖАНИ КАКО ВЛАСИ

Страница 4

МАКЕДОНСКОТО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН“-ТИРАНА Г-ЃА ЕЛСА ЦЕЛИЛИ ЈА НАЗНАЧИ ЗА КООРДИНАТОРЕ НА ДРУШТВОТО ЗА ОКРУГОТ ЕЛБАСАН

СРЕДБА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ ПЕНДАРОВСКИ СО МИМИ КОДЕЛИ, ПРЕТСЕДАТЕЛ НА КОМИСИЈАТА ЗА НАДВОРЕШНА ПОЛИТИКА ВО ПАРЛАМЕНТОТ НА АЛБАНИЈА

Страница 5

ПРЕТСТАВНИЧКАТА НА МАКЕДОНСКОТО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН“-ТИРАНА СЕ ОБРАТИ ПРЕД ПРЕТСЕДАТЕЛОТ МЕТА

ВО ДВОРОТ НА ПРЕТСЕДАТЕЛСКАТА РЕЗИДЕНЦИЈА ВО ТИРАНА, МАКЕДОНЦИТЕ ОД АЛБАНИЈА ИГРА ОРО НА ПЕСНАТА „БИСЕР БАЛКАНСКИ“

Страница 6

ДРЖАВНИОТ СЕКРЕТАР НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ НА МАКЕДОНИЈА, ЗОРАН ПОПОВ ВО РАБОТНА ПОСЕТА ВО ОПШТИНА ПУСТЕЦ

АМБАСАДОРОТ МАРКОВСКИ ВО ПУСТЕЦ: ЈАЗИКОТ Е НАША ТАТКОВИНА ВЕЛЕШЕ БЛАЖЕ КОНЕСКИ

Страница 7

ВО ГЛОБОЧАНИ ТРКАЛЕЗНА МАСА ЗА ВЕЛИКАНОТ КОНЕСКИ, ВО ПУСТЕЦ СЕМИНАР ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

СТЕРЈОВСКИ НА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕТО НА ПАТРОНОТ НА МАНАСТИРОТ СВЕТИ ЈОВАН ВЛАДИМИР ВО ЕЛБАСАН

Страница 8

ШВАЈЦАРСКАТА АМБАСАДА ДОДЕЛИ ФИНАНЦИСКИ СРЕСТВА ЗА ФОНДОТ НА ЗАПАДЕН БАЛКАН

Страница 9

КООРДИНАТОР НА МАКЕДОНСКОТО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН“-ТИРАНА ЗА РЕГИОНОТ ЕЛБАСАН, ЕЛСА ЦЕЛИЛИ УЧЕСТВУВАШЕ НА ТРКАЛЕЗНА МАСА ЗА МАЛЦИСТВАТА ВО ЕЛБАСАН

МАКЕДОНЦИТЕ ВО АЛБАНИЈА ВО СЕЛО ГОРНО КРЧИШТЕ ОБЛАСАТА ПОЛЕНИ ГО ПРОСЛАВИЈА ПРАЗНИКОТ СПАСОВДЕН

Страница 10

НЕМА ВОДА ЗА ПИЕЊЕ, ЛОША ПАТНА ИНФРАСТРУКТУРА ЖИТЕЛИТЕ ОД СЕЛО ВЛАДИМЕРИЦА ОБЛАСТА ГОЛО БРДО СЕ ИРИТИРАНИ ОД ДРЖАВАТА

СЕЛОТО КЛЕЊЕ ОБЛАСТА ГОЛО БРДО ДОБИ СОЛАРНИ ЛАМПИ ЗА СЕЛСКИТЕ УЛИЦИ

ТЕАТАР “СКРБ И УТЕХА” ГОСТУВАШЕ КАЈ МАКЕДОНЦИТЕ ВО МАЛА ПРЕСПА


БЕСПЛАТЕН ПРИМЕРОК

## Македонско друштво “Илинден“-Тирана ви го честита 8-ми септември денот на независноста на татковината Македонија, се одбележуват 30 години од независноста



## НИКОЛА ЃУРЃАЈ, ИЗБРАН ЗА ЧЛЕН НА АЛБАНСКИОТ НАЦИОНАЛЕН СОВЕТ ЗА ГРАЃАНСКО ОПШТЕСТВО



Македонците во Албанија за првпат добија свој член во Националниот совет за граѓанско општество, институција формирана од Владата на премиерот Еди Рама во 2015 година. По гласањето што беше спроведено онлајн најголема поддршка доби Никола Ѓурѓај, претседател на Македонското друштво "Илинден"-Тирана, кој е и единствен претставник од редовите на малцинствата. По тој повод, г-динот Ѓурѓај испрати порака во која се вели: „Посебна благодарност до сите организации и поединци кои гласаа за мене и ме поддржаа да бидам член на Советот. Во тригодишниот мандат како припадник на македонското национално малцинство, ќе бидам гласот на македонското, но и на другите национални малцинства во Националниот совет за граѓанско општество". Претседател на Советот е г-ѓата Огерта Манастирлиу, министер за здравство и социјална заштита во Владата на Република Албанија, а во Националниот совет за граѓанско општество членуваат и други владини претставници. Целта на делување на ова тело е демократизација, примена на законските прописи и владеење на правото, човековите права и интеграција во ЕУ. „Поконретно, основната мисија на овој Совет е да гарантира институционална соработка со граѓанските организации во корист и во функција на проширување на демократијата", посочува Ѓурѓај. Иницијативата за формирање и организирање на Националниот совет за граѓанско општество Владата на Република Албанија ја презеде со Одлуката од пред шест години, по согледувањето на потребите соработка на државните структури и вон владининото, граѓанско, општество.

## ШЕСТГОДИШНО ЧЛЕНСТВО НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО "ИЛИНДЕН"-ТИРАНА ВО ФЕДЕРАЛНАТА УНИЈА НА ЕВРОПСКИТЕ НАЦИОНАЛНОСТИ (ФУЕН)




Македонското друштво "Илинден"-Тирана, пред шест години на 15.05.2015 година, беше примено во семејството на претставниците на европските националности и стана рамноправен член на Федералната Унија на Европските Националности (ФУЕН). Особена заслуга за членство на Друштвото во ФЕУН има Македонското меѓународно движење за човекови права од Канада чиј претседател е г-дин Бил Николов. Со нивна помош, Македонското друштво "Илинден"-Тирана ја плати годишната членарина и стана рамноправен член во ФУЕН. Ваквиот родољубив чин не се заборава, а ние за тоа секогаш израуваме благодарност. За читателите ќе потсетиме дека Македонско друштво "Илинден"-Тирана стана рамноправен член на Федералната Унија на Европските Националности (ФУЕН) на Конгресот на ФУЕН што се одржа на 15. 05. 2015 година во Комотини, во Грција, во организија на Федерацијата на Западно – Тракиски Турци во Европа, Здружение на дипломирани студенти на Западна Тракија Малцинства и Партијата за пријателство, еднаквост, мир. Од тогаш до денес, Македонско друштво "Илинден"-Тирана дава голем придонес во евидентирањето и надминувањето на голем број прашања од интерес на Македонците во Албанија. Континуирано работи на заштитата на етничкиот, јазичниот, културниот идентитет и националните традиции на Македонците во Албанија. Покрај тоа, Македонско друштво "Илинден"-Тирана редовно учествуваше во овие шест години на сите конгреси на ФЕУН. Така, бевме присутни и активно партиципиравме во работата на конгрсот во Вроцлав, Полска на 21 мај 2016, потоа во Клуж – Напоча, Романија на 20 мај 2017 година, како и на следниот Леуварден, Холандија, на 23 јуни 2018 година и на последниот конгрес одржан на 15 јуни 2019 година во Братислава, Словачка и за 2020 година поради пандемијата со COVID-19, собранието беше организирано и реализирано на интернет. На сите конгреси Македонско друштво "Илинден"-Тирана поднесуваше резолуции чија содржина и намера беше подобрување на животот на Македонците во Албанија, при што сите беа усвоени од страна на Федералната Унија на Европските Националности. Истите се пратени до сите меѓународни институции кои се поврзани со малциските проблеми, како и во државните инситуци на Република Албанија. Прашањето, колку и

дали овие резолуции придонесуваат за подобрување на положбата на Македонците во Албанија ќе биде следниот чекор кој ќе го преземеме на следниот конгрес на ФЕУН. Македонското друштво “Илинден“-Тирана во функција на рамноправен член во ФУЕН и како дел од работната група на словенските малцинства во Европа, активно го покренува прашањето за Македонците во Албанија на меѓународната сцена. Македонското друштво “Илинден“-Тирана во оваа прилика упатува искрена благодарност до сите членки на Федералната Унија на Европските Националности за соработката и разбирањето покажано за проблемите на македонското малцинство во Република Албанија. Истовремено испраќаме искрени честитки до членовите, соработниците и симпатизерите на Македонското друштво “Илинден“-Тирана за шестгодишно членство во највисоката малцинска организација во Европа, со желба и натаму јасно и опстојно да работат на интересот и барањата на Македонците во Албанија.
Да ни се множат јубилеите и пријателствата со сите народи и малцинства во светот.

## МАКЕДОНСКО ДРУШТВО „ИЛИНДЕН”-ТИРАНА НАЈОСТРО ГО ОСУДУВА НАВРЕДЛИВОТО ОДНЕСУВАЊЕ НА БУГАРСКИОТ ЕВРОПРАТЕНИК АНГЕЛ ЏАМБАСКИ КОН МАКЕДОНИЈА И МАКЕДОНЦИТЕ




Македонско друштво “Илинден”-Тирана најостро го осудува навредливото однесување на бугарскиот европратеник Ангел Џамбаски кој вели дека „Македонија е бугарска“! Македонско друштво „Илинден”-Тирана за фашистичка ја смета изјавата на Џамбаски дека не постојат македонскиот народ и македонскиот јазик! Македонско друштво “Илинден”-Тирана ја отфрла национал-шовинистичката политика на Софија кон македонскиот народ во целина. Непризнавањето на македонското национално малцинство во рамките на Бугарија, еговото универзално, неотуѓиво и неотстапно право на самоопределување и самоидентификација претставува показател дека Бугарија е срам за европската демократија и трн во нејзината градина на рамноправни и разнообразни народи и малцинства.

## МАКЕДОНСКОТО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН“-ТИРАНА СО ОСТРА РЕАКЦИЈА ЗА ЕМИСИЈА ВО КОЈА МАКЕДОНЦИТЕ ВО ГОРНО КРЧИШТЕ СЕ ПРИКАЖАНИ КАКО ВЛАСИ

На телевизијата “Топ ченел” на 8 мај 2021 година беше емитувана една емисија за селото Горно Крчиште. После објавувањето на оваа емисија за селото Горно Крчиште кое се наоѓа близу Маќеларе. Македонското друштво “Илинден“-Тирана реагира на фабрикуваните информации во емисијата „Села на Албанија“ од Илниса Аголи. Имено, во емисијата беше изнесена историска невистина дека во Горно Крчиште живееле Власи, при тоа искривувајќи ја вистината дека Македонците се оние кои живееле, учеле, граделе цркви во ова село. Фабрикувани се и податоците во однос на именувањето на црквите и нивното минато. Истото се однесува и на намерното одбегнување на натписите на гробиштата, каде ќе беше јасно дека станува збор за македонски имиња и презимиња. Во оваа прилика сакаме да се осврнеме на оригиналната документација која се однесува на селото Горно Крчиште, а која авторите задолжително би требало да ја имаат предвид. Освен, ако нивната намера не била да ја лажираат историјата и вистината. А во име на вистината ние ќе посочиме еден оригинален документ од бројната документација за ова село.
Смрт на фашизмот
Слобода на народот
Народна Република Албанија
Министерство за образование
Протокол бр. 92/13
Тирана, 11.02.1946 година
Предмет: Отворање на училиште на македонски јазик во Крчиште бр. 316 од 28.01.1946 година
Комитетот во округот Пешкопеја, секција за образование
Земено е предвид барањето на селаните од село Горно Крчиште за отворање на училиште на македонски

јазик. Во училиштето ќе се учи на само македонски до трето одделение, а во погорните класови ќе се држат и три часови албански јазик. Училиштето ќе функционира според законите во Албанија.
Министер за образование
Проф. Костаќ Ципо
Доколку авторите на емисијата не се потрудиле да најдат барем еден документ за историјатот на селото Горно Крчиште, во маќеларската околија, во Албанија, сигурно требаше да знаат дека секоја година во првата сабота после Спасов ден, Македонците се собираат во селото на заедничка средба веќе 10-тина години.Од нивно име, Македонското друштво "Илинден"-Тирана ги кани сите заинтересирани да ги чујат историјатот и вистината за селата Горно Крчиште да им се придружат на Македонците на годишната средба во црквата Св. Димитрија во село Горно Крчиште. Македонското друштво "Илинден"-Тирана е непријатно изненадено од квазиинформациите што во оваа емисија му беа сервирани на албанските гледачи, со што новинарската професија во Албанија е претставена како дилетантска и недостојна за почит.

## МАКЕДОНСКОТО ДРУШТВО "ИЛИНДЕН"-ТИРАНА Г-ЃА ЕЛСА ЦЕЛИЛИ ЈА НАЗНАЧИ ЗА КООРДИНАТОРЕ НА ДРУШТВОТО ЗА ОКРУГОТ ЕЛБАСАН



Македонците во Албанија за првпат добија свој член во Националниот совет за граѓанско општество, институција формирана од Владата на премиерот Еди Рама во 2015 година.
Претседателот на Македонското друштво "Илинден"-Тирана, Никола Ѓурѓај, врз основа на статут и согласно своите надлежности на 05/05/2021 година донесе одлука да назначи за координатор на Друштвото за Округот Елбасан г-ѓа Елса Целили. Г-ѓа Елса Целили родена е во село Требиште, областа Голо Брдо, со живеалиште во со живалиште во село Тхане, општина Ѓерѓан, град Елбасан е координатор на Македонско друштво "Илинден"-Тирана за Округот Елбасан. Од 2020 година г-ѓа Елса Целили е член на Македонско друштво "Илинден"-Тирана, активист на Македонско национално малциство во Албанија. Македонското друштво "Илинден"-Тирана и посакува успех како координатор на Друштвото за Округот Елбасан.

## СРЕДБА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ ПЕНДАРОВСКИ СО МИМИ КОДЕЛИ, ПРЕТСЕДАТЕЛ НА КОМИСИЈАТА ЗА НАДВОРЕШНА ПОЛИТИКА ВО ПАРЛАМЕНТОТ НА АЛБАНИЈА



Претседателот Стево Пендаровски денеска прими делегација од Парламентот на Албанија, предводена од Мими Кодели, пратеник и претседател на Комисијата за надворешна политика. Во делегацијата, беше и првиот пратеник од македонското национално малцинство во Албанија, Васил Стерјовски. На средбата претседателот Пендаровски посочи дека нашата држава има јасна определба за продолжување на меѓусебната соработка со Албанија преку отворен и конструктивен политички дијалог, како најприфатлив можен начин за градење добрососедски односи и просперитетна иднина. Во тој контекст ја нагласи важноста од продолжување на динамичната соработка меѓу парламентите на двете држави. Покрај ова беа разменети мислења и информации за европските интеграции, како и за последниот развој на настаните по одржувањето на состанокот на Советот за општи работи на Европската Унија. Притоа, соговорниците се согласија дека и Македонија и Албанија заслужуваат недоложно да ги започнат преговорите со Европската Унија, при што оценија дека тоа ќе се одрази позитивно врз целиот регион и е геостратешка инвестиција во стабилна и просперитетна Унија.

## ПРЕТСТАВНИЧКАТА НА МАКЕДОНСКОТО ДРУШТВО "ИЛИНДЕН"-ТИРАНА СЕ ОБРАТИ ПРЕД ПРЕТСЕДАТЕЛОТ МЕТА



На денешната средба што албанскиот претседател Илир Мета ја организираше со претставниците на малцинствата во земјата, по повод меѓународниот ден за културен дверзитет и дијалог, присуствуваше и делгација на Македонското друштво "Илинден"-Тирана.Македонците ги предводеше Елса Целили, координатор на друшвото за округот Елбасан, која откако топло се заблагодари за можноста да бидат гости кај претседателот Мета, имаше обраќање, во кое ја посочи „тесната поврзаност со матична земја Македонија".Ние Македонците во Република Албанија сме тесно поврзани со нашата матична земја-Македонија, имаме заеднички јазик, култура, историја, фолклор, обичаи што се само некои од карактеристиките што ја докажуваат тесната врска меѓу Македонците од Албанија и матичната земја Македонија. Македонското национално малцинство во Република Албанија припаѓа на православната и муслиманската вероисповест, рече Целили.Додаде дека тие главно е концентрирани во четири етнички области, Голо Брдо, Мала Преспа, Гора и во селото Врбник, Билиша, како и во најголемите градови на Република Албанија, како што се Тирана, Елбасан, Драч, Корча, Подградец, Скадар, Либражд, Валона, Фиер и Патос.Таа поодделно зборуваше за бројот на населени места каде живеат Македонци.Во областа Голо Брдо има 21 населено место,во областа Поле, кока се протега од Маќекара до Пешкопеја, наалбанско македонската граница, три села, севро-западно од Корча во Билишта на албансмо грќката граница е селото Врбник, во областа Преспа покрај Преспанско Езеро распослани се девет села, како и областа Гора со девет села, дообјасни таа.Се задржа и на организираноста на Македонците и нивните медиуми.Организрани сме во македонско друштво "Илинден"-Тирана и огранок за Голо Брдо, организација за заштита на правата на Македонците во Албанија „Друштво Преспа", Културно и политичко здружение „Мир", етно-културно здружение „Гора", македонско-егејско здружение „МЕД", Заедница на Македонците во Албанија, Фондациите „Никола Беровски" и „Стерио Спасе". Исто така имаме и два весника на македонски јазик, "Илинден" и „Преспа", нагласи Целили во обраќањето пред претседателот Мета и учесниците на средбата.

## ВО ДВОРОТ НА ПРЕТСЕДАТЕЛСКАТА РЕЗИДЕНЦИЈА ВО ТИРАНА, МАКЕДОНЦИТЕ ОД АЛБАНИЈА ИГРА ОРО НА ПЕСНАТА „БИСЕР БАЛКАНСКИ"



Во дворот на претседателската резиденција во Тирана, денеска се виеше оро на познатата македонска народна песна „Бисер Балкански" во кое учествуваше шефот на албанската држава Илир Мета и претставниците на малцинствата, информираа од македонското друштво „Илинден"-Тирана.
Кај претседателот Мета по првпат се одржува ваква средба по повод меѓународниот ден на културниот диверзитет и дијалог, за која посебен простор отстапуваат и домашните медуми.
Овој ден ни нуди одлична можност да ја промовираме културната разновидност и да ги разбереме неговите вредности. Да се промовира и поттикне културниот дијалог со истакнување на богатството на малцинските култури во нашата земја, да се живее заедно во мир и хармонија и да се почитуваат правата на сите граѓани и заедници кои живеат и работат во Република Албанија, рече Мета на средбата.
Посочи дека почитувањето и заштита на националните малцинства, како нераскинлив дел од албанското општество, е зацртано со Уставот, со признавање на правото на слободно изразување без попречување или принудување на зјаснувањето на нивната етничка, културна, верска и јазична припадност и правото да ги зачуваат и развиваат, да учат и да се учи на нивниот мајчин јазик.На средбата присуствуваа и седумчлена делегација на македонското друштво „Илинден"-Тирана предводена од Елса Целили, коорднаторка за округот Елбасан.

Предвидено е да се обрати пред претседателот и улесниците на средбата во кое ќе зборува за македонската етничка заедница, областите и градовите каде што живее, организираноста во друштва и здруженија, културата и особеностите.

## ДРЖАВНИОТ СЕКРЕТАР НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ НА МАКЕДОНИЈА, ЗОРАН ПОПОВ ВО РАБОТНА ПОСЕТА ВО ОПШТИНА ПУСТЕЦ



Државниот секретар на Министерството за надворешни работи, на Република Македонија, Зоран Попов реализираше средба со градоначалникот на општина Пустец, присутен на средбата беше пратеникот во албанскиот Парламент, Васил Стерјовски, Амбасадорот на Република Македонија во Тирана, Данчо Марковски, и директорот на културно информативниот центар на Република Македонија во Тирана, Златко Ориѓански и други претставници на националното малцинство од регионот на Мала Преспа. Са време на посетата, Попов го посети и основното и средното училиште ,,Митре Колефски и Трајан Ѓоргијовски'', кое е реновирано со поддршка на Владата на Република Македонија, како резултат на заклучоците на заедничката седница со Владата на Албанија, Поградец во 2018 година.

## АМБАСАДОРОТ МАРКОВСКИ ВО ПУСТЕЦ: ЈАЗИКОТ Е НАША ТАТКОВИНА ВЕЛЕШЕ БЛАЖЕ КОНЕСКИ



Македонскиот амбасадор во Албанија, Дончо Марковски, денеска, на завршните активности посветени на Денот на македонската азбука и 100-годшнината од раѓањето на великанот Блаже Конески, се обрати пред Македонците во дворот на училиштето во Пустец, каде заедно проследија културно-уметничка програма подготвена од учениците и нивните наставници.Ми причинува особено задоволство да ве поздравам и да ви се заблагодарам за вашето учество во одбележувањето на два големи датуми, Денот на македонската азбука и 100 години од раѓањето на великиот Блаже Конески, кои како гранитни меѓници го крепат нашиот милозвучен македонски јазик, рече на почетокот амбасадорот Марковски. Има пријатна симболика, додаде тој, во прославата на Денот на македонската азбука во Пустец, со слични активности со прославите на албанската азбука во Битола. Тоа само по себе носи моќна порака за културните нишки што постојат меѓу македонскиот и албанскиот народ. Јазикот и неговата писменост се нешто што не може да се околчи, да се огради бидејќи тие се како вода којашто напојува, и поврзува надвор од државни граници. Јазикот е наша татковина велеше Блаже Конески. Доказ за тоа се активностите во изминатите два дена во Пустец кои го потврдија заедничкиот интерес за пренесување на новините во македонскиот јазик и ширењето на македонската јазична култура. Да имаш не е марифет, марифет е да зноеш да чуваш, велат нашинците во Голо Брдо, додаде амбасадорот. Посочи дека денешното чествување буди емоции на задоволство, но и обврски за амбасадата и македонските институции. Тоа подразбира дека оваа активност, втора по ред, треба да прерасне во традиција со која освен Пустец, ќе бидат опфатени Корча, Голо Брдо и Тирана. Си земам за слобода да предложам спомен куќата на писателот Стерјо Спасе да прерасне во место во кое ќе се состануваат македонските и албанските лингвисти, поети и други претставници од областа на културата од земјите во кои е посеана словенската писменост, со што Мала Преспа ќе стане препознатлива. Впрочем нејзината географска положба и го налага тоа, нагласи тој.

Пред нас, кажа Марковски, стои обврската за што поскоро отворање лекторат во Корча, како и засилување на активностите на постоечкиот во Тирана. Книгоиздателството, поткрепата на весниците Преспа и Илинден, како и негувањето на културната посебност мора да биде збогатена. Вистина е дека македонскиот јазик му е потребен на Македонското национално малцинство, но исто така е вистина дека

нивните говорни наречја се непресушен извор во збогатувањето на македонскиот јазик. Го поздравувам присуството на дијалектолозите. Да си јак есит убоо, а да си умен есит ишче по убоо, рече тој. На крајот тој се обрати до наставниците и учениците и упати искрени желби за успешно завршување на учебната година. Годинава по вторпат меѓу нас се професорите и директорката на Институтот за македонски јазик „Крсте Петков Мисирков“ проф. Елена Јованова Грујовска кои несебично се вградија во реализацијата на оваа благодарна идеја, за што им упатувам јавна благодарност. Да сте ми живи и здрави, порача на крајот од обраќањето амбасадорот Марковски.

## ВО ГЛОБОЧАНИ ТРКАЛЕЗНА МАСА ЗА ВЕЛИКАНОТ КОНЕСКИ, ВО ПУСТЕЦ СЕМИНАР ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК



Во општина Пустец денеска почнаа активностите по повод одбележувањето на Денот на македонскиот јазик и 100 годишнина од раѓањето на великанот Блаже Конески, кои продолжуваат и во текот на утрешниот ден. Во селото Глобочани во музејот посветен на познатиот албански писател со македонско потекло Стерјо Спасе, кој е родум од ова малопреспанско село беше одржана тркалезна маса, посветена на ликот и делото на Блаже Конески.На овој настан присуствува државниот секретар на Министертвото за надворешни работи, Зоран Попов, претседателот на советот за македонски јазик Људмил Спасов, амбасадорот Данчо Марковски, пратеникот во албанскот парламент Васил Стерјовски, професори од Институтот за македонски јазик и директорот на културно информативниот центар Златко Ориѓански како и претставници на локалната самоуправа на Пустец, преводени од градоначалникот Пали Колефски, информираа од македонската амбасада во Тирана.Исто така денска во училиштето „Митре Колефски и Трајан Ѓоргијовски“ во Пустец почна дводневен семинар за македонски јазик за наставниците од училиштата во Мала Преспа.Професори од Институтот за македонски јазик „Крсте Петков Мисирков“ држат предавања од дијалектно, историско, ономастичко, лексичко и современи дополнувања на современиот македонски јазик, наведуваат од амбасадата.
Организатори на настаните се Министерството за надворешни работи на Република Македонија, амбасадата и културно информативниот центар во Тирана, во соработка со општина Пустец, друштвата на Македонците во Албанија и пратеникот во албанскиот Парламент, Васил Стерјоски.

## СТЕРЈОВСКИ НА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕТО НА ПАТРОНОТ НА МАНАСТИРОТ СВЕТИ ЈОВАН ВЛАДИМИР ВО ЕЛБАСАН



Познатиот манастир посветен на светецот Јован Владимир во албанскиот град Елбасан, каде што живеат голем број Македонци, денеска го одбележува својот патрон. На одбележувањето заедно со верниците беше и лидерот на Македонска алијанса за европска интеграција и пратеник во албанскиот парламент, Васил Стерјовски.
Го честитав патронот, запалив свеќа и се помолив пред моштите на светецот за здравје, среќа, благосостојба, насекаде во светот. Тука во Елбасан по повод овој ден пред пандемијата со Ковид-19 имаше големо присуство на верници и од Македонија, но, минатата и оваа година верниците од Македонија, како и од други делови на Албанија се во многу помал број. Нека е за многу години. Се надевам дека ќе го победиме невидливиот непријател и до година ќе не има многу повеќе, посака Стерјовски.

Тој ја разгледа и изложбата на копии од икони со ликот на светецот чии оригинали може да се видат во божји храмови во повеќе балкански земји. Изложбата е отворена во дворот на манастирот а ја организираше здружението на Црногорците, со седиште во Елбасан. Во месец април во манастирот беше одржа церемонија и положување на моштите на Св. Јован Владимир кои до тогаш се чуваа во Националниот историски музеј во Тирана.На тогаш одржаната церемонија и положување на моштите на светецот присутвуваа премиерот Еди Рама и министерката за култура, Елва Маргарити и неговото преосвештенство Андониј, митрополит на Елбасан, Шпат и Либражд.Дојдовме да завршиме процес на обврска кој заедно го започнавме многу одамна, и предавањето на моштите од Св. Јован Владимир, за кои откривме дека се наоѓаат во нашиот музејски фонд во Тирана. Тоа е симболичен гест, бидејќи отсекогаш сме биле горди на верскиот соживот и целата интеракција што ја има државата со заедницата, но и со почит кон култните светињи и оваа соработка на релација држава-верски заедници ќе продолжи и понатаму, рече тогаш министерката Маргарити.Светиот великомаченик Јован Владимир, кој бил зет на македонскиот цар Самуил за неговата ќерка Теодора Косара се здобил со силен култ во Западна Македонија. На иконите и фреските во цркви е насликан како ја држи сопствената глава во рацете. Тој бил владетел (кнез) на Дукља и во еден период како поддржувач на Византија влегол во судир со царот Самуил при што бил заробен. Додека бил во затвор во него се вљубила Самуиловата ќерка Теодора Косара по што се оженил со неа и вратен да и понатаму владее со Дукља, како вазал на Самоил.

## ШВАЈЦАРСКАТА АМБАСАДА ДОДЕЛИ ФИНАНЦИСКИ СРЕСТВА ЗА ФОНДОТ НА ЗАПАДЕН БАЛКАН



Преку договор потпишан денес во Хотел Рогнер во Тирана, Фондот за Западен Балкан добива швајцарско финансирање за зајакнување на соработката и засилување на размените во регионот. Швајцарскиот амбасадор, Адријан Маитре, денес потпиша договор со директорот на Фондот за Западен Балкан, Ѓерѓи Мура, за поддршка на активностите на Фондот за следните 5 години со износ од 900 илјади евра. „За да се постигне мир, стабилност и просперитет на Западен Балкан, прввиот услов е целиот регион и неговите граѓани да соработуваат, да градат мостови и размена. „Фондот за Западен Балкан додава вредност на кохезијата во регионот и придонесува за интеграција во ЕУ“, рече амбасадорот на Швајцарија, Адријан Маитре. Додека директорот на Фондот за Западен Балкан, Ѓеѓи Мура изрази подготвеност за натамошно партнерство меѓу земјите. „Ние ќе го зачуваме и вреднуваме ова партнерство како многу вредно. И ве уверувам дека Секретаријатот на Фондот за Западен Балкан, кој ги застапува 6-те Министерства за надворешни работи од Западен Балкан, ја има целата волја и мотивација да биде сериозен и сигурен партнер во овој процес, бидејќи ние се обврзуваме на – модел на луѓе. во овој регион, за доброто на сите “, рече Мура. Македонскиот амбасадор Данчо Марковски, претставувајќи го претседателството на Конференцијата на министрите за надворешни работи со која се управува со Фондот за Западен Балкан, рече дека сме благодарни за оваа поддршка, што покажува колку стана стабилно партнерството во Фондот за Западен Балкан, сè додека не се трансформира. долгорочна соработка. „Во име на 6-те договорни партнери, ве уверуваме во нашата целосна посветеност за придобивките на народите од Западен Балкан“ додаде тој.




Преку овој нов договор, Фондот за Западен Балкан ќе може да ги зајакне капацитетите, да ги прошири проектите и да ги зголеми размените и врските меѓу луѓето во регионот. Покрај зајакнувањето на организациската структура и управувањето, швајцарската поддршка ќе се насочи и кон поефикасно финансирање на заеднички проекти и иницијативи од регионот. Поддршката исто така ќе му овозможи на Фондот да напредува со стратешкиот план за следните 5 години за зајакнување на односите меѓу страните. Фондот за Западен Балкан е заедничка организација помеѓу Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Црна Гора, Македонија и Србија, основана за поддршка на соработката и размените во регионот. Фондот обезбедува грантови за проекти и иницијативи од граѓанското општество, културните организации, академските институции и локалните институции, со цел да се промовира соработката и помирувањето во регионот.

## КООРДИНАТОР НА МАКЕДОНСКОТО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН“-ТИРАНА ЗА РЕГИОНОТ ЕЛБАСАН, ЕЛСА ЦЕЛИЛИ УЧЕСТУВАШЕ НА ТРКАЛЕЗНА МАСА ЗА МАЛЦИСТВАТА ВО ЕЛБАСАН



Во тек е проект на Швајцарската агенција за развој и соработка СДЦ во Албанија чија цел е да го зголеми квалитетот на застапеност во избраните тела на локалната самоуправа. Во работата учествуваат Здружението на црногорската заедница заедно со уште 7 други организации. Во рамките на овој проект, на 24 мај 2021 година, во градот Елбасан се одржа тркалезна маса со претставници на сите малцинства што живеат во регионот на Елбасан. Во работата беа обединети различните етнички заедници кои коегзистираат на територијата на општина Елбасан. Целта на оваа тркалезна маса беше да се потенцира квалитетот на застапеноста на секоја заедница во изброрните тела на локалната самоуправа. Подобрувањето на тој процент би се постигнало со дискусии и можни решенија за тоа. Исклучително квалитетна и продуктивна презентација била подготвена од главниот модератор, професорот Кристак Куме. Тој е поранешен претседател на Централната изборна комисија, исклучителен познавач на изборните прашања и раководител на Изборниот институт. Проектот ќе се дисперзира низ целата албанска држава, а по неговото завршување особени очекувањата имаат сите партнери, како и донаторите. На оваа тркалезна маса со свој претсавник беше присутно и Македонското друштво “Илинден“-Тирана. Тоа беше претставено од г-ѓа Елса Целили, координатор за регионот Елбасан, преку која се запознавме со целите на проектот и неговото значење.

## МАКЕДОНЦИТЕ ВО АЛБАНИЈА ВО СЕЛО ГОРНО КРЧИШТЕ ОБЛАСАТА ПОЛЕНИ ГО ПРОСЛАВИЈА ПРАЗНИКОТ СПАСОВДЕН



Македонците во Албанија во село Горно Крчиште областа Полени го прославија празникот Спасовден, се одржа 12-та традиционална средба на Македонците во село Горно Крчишта. Во близина на Дебар се наоѓа граничниот премин Блато, а од другата страна на границата е Албанија. Најголемото населено место по патот е Макеларе, а на неколку километри од него, во пазувите на планината Крчин се наоѓа селото Горно Крчиште. Тоа е родното село на бројни македонски интелектуалци, чесни работници и искрени патриоти. Во село Крчиште има пет цркви, а најмаркантни се Свети Спас и Свети Димитрија. Црквата Свети Спас е споменик на културата во Албанија бидејќи според иконописот и градбата таа е стара 700 години. Сепак, ни најмалку не го добива потребното внимание и одржување од страна на албанската држава. Напротив, за таа црква како и за соборниот храм Свети Димитрија се грижат само Македонците кои потекнуваат од ова село. Во чест на Свети Спас, домародните жители како и оние кои се иселени од селото, се собираат на заедничка средба секоја прва сабота после големиот православен празник Свети Спас. Така и оваа година, се одржа традиционалната средба на Македонци иселени од село Крчишта пред многу години. Средбата традиционално беше збогатена со обред на православен поп кој ги отпеа црквите и гробиштата, а присутните ја вртеа и поделија погачата подготвена од организаторите. Во пријатна атмосфера, Македонците од Крчишта поминаа еден убав ден евоцирајќи спомени за минатите средби, како и за починатите Крчиштани во минатата година, оддавајќи им должна почит.

## НЕМА ВОДА ЗА ПИЕЊЕ, ЛОША ПАТНА ИНФРАСТРУКТУРА ЖИТЕЛИТЕ ОД СЕЛО ВЛАДИМЕРИЦА ОБЛАСТА ГОЛО БРДО СЕ ИРИТИРАНИ ОД ДРЖАВАТА



Македонците во село Владимерица, административната единица Острен во областа Голо Брдо се соочуваат со недостаток на вода за пиење во овие жешки јули денови. Самите жители велат дека веќе 30 години никој не инвестира во оваа област, оставајќи најзаостанато во цела Општина Булќиза. Областа Голо Брдо е составена од 22 села, загрижувачки е проблемот за Македонците во областа Голо Брдо, немање на патната инфраструктура овој е голем проблем за областа Голо Брдо. Македонците од областа Голо Брдо барат помош од државата за да се реши овој долгогодишен проблем. Апелите се уште погласни поради тоа што од страна на државните институци нема никаква реакција за проблемот на жителите кој отворено пред камерите кажуват.

## СЕЛОТО КЛЕЊЕ ОБЛАСТА ГОЛО БРДО ДОБИ СОЛАРНИ ЛАМПИ ЗА СЕЛСКИТЕ УЛИЦИ



Селото Клење се наоѓа во областа Голо Брдо, тоа е едно ос многуте села во кои живее македонско население и во кое во повоениот период учениците имале можност да учат на мајчин македонски јазик. Но, денес, целата област Голо Брдо како да е заборавена од албанските власти. Мештаните се обидуваат да си го подобрат својот живот со самопомош. Најнова е акцијата на некои жители во селото Клење, областа Голо Брдо за опремување на селските улици со соларни лампи. Оваа иницијатива и придонес за осветлување на улиците на селото го овозможуваат пчеларите на ова село: Етемир Зуна, Ресмије Исаку, Елтон Зуна. Со благодарност за иницијативата и акцијата на некои соселани во селото Клење, областа Голо Брдо за опремување на селските улици со соларни лампи. Тоа придонесува да се создаде чувство на посветеност кон своето родно место, со отворање на нов прозорец со надеж и доверба дека еден ден областа Голо Брдо ќе има модерна инфраструктура. Ваквата акција е благородна и бескрајно полезна, па затоа повикуваме, во оваа пригода, ваквиот пример да служи како повик до сите сегашни и поранешни жители, каде и да се, да придонесат клку се во можност за регулирање и одржување на селото и областа Голо Брдо.

## ТЕАТАР “СКРБ И УТЕХА” ГОСТУВАШЕ КАЈ МАКЕДОНЦИТЕ ВО МАЛА ПРЕСПА



Театар “Скрб и утеха”, од 05 до 07 мај, 2021 гостуваше во Мала Преспа кај Македонците во Албанија. Беше одиграна претставата “Џамалари- Дионис”, на Тихомир Стојановски, пред гимназијата во Пустец, беа посетени Долна Горица, Леска, Зрновско, се снимаше документарен матријал за обредните форми во македонската култура, беа дарувани книги. Во претставата играат Страшко Милошевски и Тихомир Стојановски. Тоа е првиот дел од гостувањето, подржан од Министерството за култура на Република Македонија и Комисија за наука при УКИМ. Се планира гостувања во Голо Брдо, Тирана, Корча, Драч во соработка со Македонското друштво “Илинден”-Тирана.

## СУДСКИ ПРЕВОДИ
## PËRKTHIME GJYQËSORE

MK

AL

Овластен судски преведувач
Македонски-Албански и
Албански-Македонски

**Никола Ѓурѓај**

Përkthyes gjyqësor i autorizuar
Maqedonisht-Shqip dhe
Shqip-Makedonisht

**Nikolla Gjurgjaj**

+389 71946391
+355 692401778

e-mail: nikola.gjurgjaj@hotmail.com



**ИМПРЕСУМ:**

Издавач: Македонско друштво “Илинден”-Тирана
Главен и одговорен уредник: Никола ЃУРЃАЈ
Лектура: Естела КАРАМЕШИНОСКА
Компјутерска обработка: Анита МИЛЕВСКА
Печати: Печатница Абази - Тирана
Фотографии: Архива на Македонско друштво “Илинден”-Тирана, и редакција на Македонски весникот „Илинден„
Редакција: Незир МЕЧА, Или ХАЛИЛАЈ, Ариана ШУТКУ, Фидана ЌУЛХАНЏИУ, Ламбе ШАТРОВСКИ, Цветан БОГДАНОВСКИ, Алдана ЛОРОВСКА, Бесим МЕМИШАЈ, Фатри ФЕТАХУ, Сара ЦЕЛИЛИ

Адреса: Rruga “Mihal Grameno“ Nr. 183, Tirana, Albania
Телефон: +355 69240 1778
E-mail: drustvo.ilinden.tirana@live.com
www.ilinden-tirana.com
www.vesnik-ilinden.com


**© Македонски весник “Илинден” - Сите права се задржани. Не е дозволено копирање, умножување или понатамошна репродукција или дистрибуција на делови или на целото издание во печатени или електронски медиуми без претходно добиено одобрение од издавачот.**



Црква Свети Преображение од 12 век. во 1973 година
споменик на културата во село Ербеле, Маќелара